Општина Шуто Оризари-KomunaRepublika onise Orizari-Komuna Shuto Orizari
Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 10 - 1081/5
27.05. 2024 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

**До**

**Надлежни институции и други заинтересерини учесници согласно член 50 став (2) од Законот за урбанистичко планирање( Сл.весник на РСМ 32/20 и 111/23)**

**Предмет:** Известување за оддржување повторена Јавна анкета и Јавна презентација за Нацрт на предлог Детален урбанистички план за Градска четврт С.07 КО Горно и Долно Оризари во општина Шуто Оризари-Скопје.

Почитувани,

Согласно член 50 став (2) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ 32/20 и 111/23), Ве известуваме за оддржување на повторена Јавна анкета и Јавна презентација на предлог Нацрт план на Детален урбанистички план за Градска четврт С.07 КО Горно и Долно Оризари во Општина Шуто Оризари.

Опфатот е со површина од 24,168 Ха, дефинирана по границата на Градска четврт до регулацијата од ГУП на Град Скопје и 30,97 ха дефинирана по осовини на сообраќајниците.

Повторената Јавна анкета и Јавна презентација на предлог Нацрт на деталниот урбанистички план, ќе се спроведе со излагање на истиот во просториите на административната зграда на Општина Шуто Оризари и преку информацискиот систем е-урбанизам со број на постапка 39701 и преку веб страната на општината www.sutoorizari.gov.mk Повторената Јавната анкета ќе започне после петнаесет дена од денот на објавувањето на јавниот повик и ќе трае 10 (десет) работни денови секој работен ден од 8-16 часот, почнувајки од 12.06. 2024 година , заклучно со 26.06.2024 година и истата истовремено ќе се спроведува во хартиена и во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам со број на постапка 39701 и преку веб страната на општината www.sutoorizari.gov.mk.

Повторената Јавна презентација со стручно презентирање на планот, ќе се оддржи на ден 13.06.2024 година во просториите на административната општинска зграда со почеток во 9 часот.

Во споменатиот рок , можете да доставите писмени забелешки, предлози и мислења во анкетните листови кои ќе бидат достапни во хартиена форма или во електронска форма кои ќе бидат достапни на информацискиот систем е-урбанизам со број на постапка 39701 и на веб страната на Општина Шуто Оризари www.sutoorizari.gov.mk

Општина Шуто Оризари
Градоначалник
Курто Дудуш